ЗАПИСНИК

**од осумнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година**

Осумнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 07.07.2025 година, во 11:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска-online, Насер Адеми и Анкица Трпковска .

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата како и предлог- Дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за осумнаесеттиот состанок на Комисијата на АЕК во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од седумнаесеттиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Барање на согласност за јавна набавка на услуга, Испитување на инсталација и изработка на документ за пуштање во употреба на фотонапонски панели;
4. Барање на согласност за јавна набавка на услуга, Одржување на клиентска и серверска опрема;
5. Усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за осумнаесеттиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што едногласно го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3, Комисијата едногласно го усвои барањето за јавна набавка на услуга, Испитување на инсталација и изработка на документ за пуштање во употреба на фотонапонски панели.

Во врска со точка 4, Комисијата едногласно го усвои барањето за јавна набавка на услуга, Одржување на клиентска и серверска опрема.

Во врска со точка 5, Комисијата едногласно го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за електронски комуникации.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател__________

д-р Адмирим Алити, член __________________

Анѓелка Диневска, член____________________

Насер Адеми, член_________________________

Анкица Трпковска, член____________________

Наш број 1102-30/2

Скопје 07.07.2025 година